Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/02), член 121 став 1 од Законот за управување со отпад („ Службен весник на Република Македонија “ бр. 68/2004,107/2007,102/2008,, 143/2008, 124/2010, 51/2011 и 123/2012) и член 23 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 09/05, 4/10 и 3/11), Советот на Општина Ранковце, на седницата одржана на ден 03.10. 2014 година, донесе

# О Д Л У К А

## За определување на цена за собирање, транспортирање и депонирање на комунален отпад и други видови на неопасен отпад и инертен отпад

**Член 1**

Со оваа Одлука се определува цена за собирање, транспортирање и депонирање на комунален отпад и други видови на неопасен отпад и инертен отпад на физички и правни лица во Општина Ранковце, и тоа:

- за физички лица, цена од 180 денари месечно (паушално); и
- за правни лица, цена од 15 денари од м2.

Цената е со пресметан ДДВ.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Ранковце “, а ќе се применува од 01.11.2014 година.

**Бр.07- 702/15**
**03.10.2014 година**
**Ранковце**

**Совет наОпштина Ранковце**
**Претседател**
**Тони Ангеловски, с.р.**